**ОБРАЌАЊЕ НА МО ШЕКЕРИНСКА – ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 20-ГОДИШНИНАТА ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА ПРИЛЕПСКИТЕ БРАНИТЕЛИ КАЈ КАРПАЛАК**

Почитувани колеги, но пред сè почитувани членови на семејствата на нашите загинати бранители, почитувани граѓани и граѓанки на Прилеп,

Оваа година се навршува веќе втората деценија од трагичниот настан кај Карпалак кој остави длабоки траги, не само во нашата меморија, туку и во нашите одлуки и во нашето однесување. Пред 20 години, и Прилеп, но и целата држава ги изгуби своите сограѓани – Сашо, Нане, Бранко, Марко, Ердован, Љубе, Дарко, Веби, Горан и Пеце. Тоа беа луѓето заедно со многу други кои што во моментот кога требаше, покажаа дека се подготвени навистина да дадат сè и дадоа сè. Го дадоа својот живот за својата држава и тоа никој од нас ниту смее, ниту може да го заборави.

Изгубивме десет наши сограѓани кои со својата саможртва покажаа како се станува херој. Хероите велат дека никогаш не умираат, меѓутоа за да хероите не умрат наш е долгот да продолжиме за нив да говориме, да продолжиме на нив да се сеќаваме и да продолжиме да ги носиме клучните одлуки имајќи ја на ум нивната жртва, нивното страдање и загубата на нивните семејства.

Овие храбри и пожртвувани десетмина не калкулираа. Не рекоа дека сега не е вистински момент за жртва. Тие беа подготвени во најтешките моменти да ја платат највисоката жртва, највисоката цена и тоа го направија во моменти кои беа најтешки за нашата татковина. Тоа беа моменти кога државата ни беше буквално на чекор до бездна, буквално на средина ан крстосницата помеѓу мир и војна и во моментите кога се сеќаваме на нивната  жртва, на нивната храброст, треба да кажеме дека секоја генерација, секоја година и секоја криза го покажува истото–  а, тоа е дека има луѓе има институции, има држава зад која може да се заштитиме, со која може да се одбраниме.

Буквално во секоја криза и речиси веќе секоја година се покажува уште еднаш дека мирот и безбедноста на татковината и нејзините граѓани се најосновното, најважното што ги води илјадниците наши војници, без разлика дали се во редовниот или се во резервниот состав.

Денеска кога се сеќаваме на жртвата пред дваесет години, мислам дека е редно да оддадеме признание и на жртвата и ризиците со кои што се соочуваат наши стотици војници кои што се сега на територија на цела држава кои што ги прекинаа сите други активности за да се приклучат на заедничката цел да ги заштитат луѓето, да ја заштитат државата, да ги заштитат и материјалните добра.

Со храброст во срцата и беспоштедно за својата земја. Оваа борба со огнот кој што ја зафати државата, со која кризата која што веќе и официјално е потврдена, е некој начин и нивен долг кон своите колеги кои пред 20 години ги положија и своите животи за истата цел – да обезбедиме мир, да обезбедиме стабилност, да обезбедиме безбедност на сите наши граѓани.

Почитувани присутни, почитувани семејства, пред две децении видовме колку е голема трагедијата која што зафати и завеа во црно многу семејства. Сето тоа нанесе многу болка и сето тоа нè потсети дека мирот, безбедноста и стабилноста навистина треба да ни биде во секој момент прв приоритет. Дека треба секогаш да останеме мудри во одлуките и да ги носиме не само вистинските одлуки за денес, туку вистинските одлуки за годините кои доаѓаат за да ниту едно семејство никогаш повеќе не загуби свој член. Наша должност е се разбира да гледаме напред, често пати зборуваме за

иднината и за одлуките кои треба да ги носиме. Но, за да имате доблест да гледате во иднината, мора да ги цените, да ги одбележувате и да се сеќавате на жртвите направени во минатото. И денеска затоа сме тука во Прилеп, да се сетиме на десетмината прилепски бранители кои не се веќе со нас. Да го почитуваме нивното дело, да ја цениме и денеска нивната храброст и за да покажеме достојна почит кон сите семејства кои ги изгубија своите најмили.

Дозволете ми на крајот, не само во мое лично име, туку и во име на делегацијата и на целата Влада да оддадам најголема почит за загубените ваши сакани, татковци, синови, сопрузи, колеги кон сите сограѓани во Прилеп.

Нека им е вечна слава.